Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје бр.20-0302/13 од 11.04.2023 г. (Уп1 бр.02-161 од 11.04.2023 г.), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1946/5 од 04.05.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 14-та седница одржана на 03.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted] и

- за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура бр.20-0302/13 од 11.04.2023 г. (Уп1 бр.02-161 од 11.04.2023 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура бр.20-0302/13 од 11.04.2023 г. (Уп1 бр.02-161 од 11.04.2023 г.), од страна на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230099181 од 12.04.2023 г., од која е видно дека лицето [redacted] се јавува како:

- сопственик, управител и овластено лице на подружницата на Трговското друштво за производство, промет и услуги СОЛОПРОМ ДОО Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 46.76 – Трговија на големо со останати полупроизводи (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва);
- содружник во 1) Друштвото за трговија и услуги РЕСТОРАН ЗИНГ ДОО Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

послужување на храна (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва), 2) Друштвото за интернет едукација БРЕИНСТЕР ЦБЦ КОЛЕКТИВ ДОО Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 85.59 – Друго образование, неспомнато на друго место. Ова правно лице е сопственик на Приватната високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 85.42 – Високо образование (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва), 3) Друштвото за производство и трговија МУЛТИПРАКТИК ДОО увоз-извоз Битола, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 13.92 – Производство на готови текстилни производи, освен облека (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) и 4) Друштвото за производство, трговија и услуги ЈАНИКА НАТУРЕ ДОО Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 64.20 – Дејности на холдинг-друштвата (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва);

- сопственик и прокурист на Друштвото за трговија МИНИСО СОЛО ДОО Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 47.19 – Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва).

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020230099295 од 12.04.2023 г., од која е видно дека физичкото лице [redacted] се јавува како вистински сопственик на следниве правни субјекти: Трговско друштво за производство, промет и услуги СОЛОПРОМ ДОО Скопје; Друштво за трговија и услуги РЕСТОРАН ЗИНГ ДОО Скопје; и Друштво за трговија МИНИСО СОЛО ДОО Скопје.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура бр.20-0302/13 од 11.04.2023 г. (Уп1 бр.02-161 од 11.04.2023 г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-161**

**04.05.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.